МАСИТ
Стопанска комора за информатички и комуникациски технологии

**П Р А В И Л Н И К**
**за избор, состав и работа на Надзорниот Одбор на Стопанска комора МАСИТ**
**(пречистен текст)**

**Член 1**

1.1. Со овој Правилник, врз основа членот 17 од Статутот на Стопанската Комора МАСИТ, Собранието на МАСИТ ги определува условите и критериумите за предлагање, избор и состав на членовите на Надзорниот Одбор како и основните услови за негово работење.

1.2. Надзорниот Одбор врши надзор врз законитоста, материјално – финансиското работење и правилноста на работата на Комората и за својата работа го известува Собранието на Комората.

1.3. Надзорниот Одбор може да поставува предлози и прашања на дневен ред на Управниот Одбор.

1.4. Се што не е опфатено со овој Правилник ќе биде предмет на саморегулатива на Надзорниот одбор низ негови оперативни Одлуки.

**Член 2**

2.1. Надзорниот одбор на МАСИТ има мандат од 3 (три) години и мандатот е неделив за сите членки.

2.2. Мандатот на Надзорниот Одбор на МАСИТ може да биде продолжен еднократно во случај на посебни објективни околности, но за период не подолг од 2 (две) години. Собранието на Стопанска Комора МАСИТ на годишното собрание одлучува за еднократно продолжување на мандатот на Надзорниот Одбор.

2.3 Посебни објективни околности за продолжување на мандатот на Надзорниот Одбор на МАСИТ:

- неможност за избор на нов Надзорен Одбор,
- недоволно кандидатури за избор
- потреба од континуирано постапување во тековни активности од значителен обем или важност за работењето на Комората и/или за ИКТ индустријата поврзани со персоналниот состав на Надзорниот одбор
- виша сила

**Член 3**

3.1. Надзорниот одбор на МАСИТ, согласно Статутот на Стопанска комора МАСИТ, располага со оригинерни, статутарни и законски овластувања.

3.2. За своето работење Надзорниот одбор му одговара на Собранието.

**Член 4**

4.1. Надзорниот одбор на МАСИТ се состои од 3 члена.

Бул. Партизански Одреди број 4
1000, Скопје, Македонија
www.masit.org.mk
contact@masit.org.mk

**Член 5**

5.1. Членовите на Надзорниот одбор на МАСИТ се верификуваат од страна на Собранието на МАСИТ.

5.2. Најдоцна во рок од 3 дена по изборот, Надзорниот Одбор избира свој Претседател.

**Член 6**

6.1. За претставник во Надзорниот одбор друштвото членка на МАСИТ би требало да делегира лице од редот на Извршните Директори или од редот на основачите на друштвото.

**Член 7**

7.1. Членот на Надзорниот одбор кој го предлага друштвото членка на МАСИТ, е индивидуализиран по име и презиме и позиција во друштвото и истиот ги доставува во моментот на изборот своите лични податоци во смисла на адреса, матичен број и позиција во друштвото.

**Член 8**

8.1. Членот на Надзорниот одбор е должен активно да партиципира во работата на Надзорниот одбор и неговото постапување да биде мотивирано со совесност и чесност.

8.2. Членот на Надзорниот одбор е должен редовно да присуствува на седниците на Надзорниот одбор.

8.3. Во случај на отсуство должен е да обезбеди соодветна замена со писмено полномошно со стриктна напомена за право на ополномоштениот да одлучува и гласа со неограничен мандат.

**Член 9**

9.1. Доколку членот на Надзорниот одбор отсуствува повеќе од два пати во текот на една мандатна година, без разлика на фактот што во времето на отсуство назначил полномошник, мандатот на членот во Надзорниот Одбор престанува.

9.2. Во таков случај, Претседателот на Надзорниот Одбор ќе му предложи на друштвото членка на МАСИТ во рок од 15 дена да достави друг претставник да го заземе неговото место.

9.3. Доколку друштвото членка на МАСИТ не достави свој предлог за нов претставник, во таков случај Претседателот на Надзорниот Одбор ќе му предложи на Собранието претставник од друго друштво да го заземе неговото место.

9.4. Доколку членот на Надзорниот Одбор го промени работодавачот, односно веќе не работи кај друштвото кое го претставува во Надзорниот одбор, тогаш друштвото ќе назначи нов соодветен претставник.

**Член 10**

10.1. Надзорниот Одбор работи на седници кои ги свикува по потреба или на барање на Собранието, и/или најмалку 10 % од членките, и/или Судот на честа, и/или Управниот одбор, а најмалку одржува три седници во текот на една мандатна година.

**Член 11**

11.1. Работниот кворум на Надзорниот одбор е три членови.

11.2. Надзорниот одбор донесува Одлуки со просто мнозинство од присутните членови.

**Член 12**

12.1. Надзорниот одбор донесува Одлуки, Заклучоци и Препораки кои ги објавува на начин пропишан со посебна Одлука донесена од страна на Надзорниот Одбор, а усвоена од страна на Управниот Одбор на МАСИТ.

**Член 13**

13.1. Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

Скопје, 30.03.2017

Претседател на Собрание на МАСИТ,

_______________________

Драган Чепујноски

Бул. Партизански Одреди број 4
1000, Скопје, Македонија
www.masit.org.mk
contact@masit.org.mk